**ИЗВЕШТАЈ НА ОДБОРОТ НА ДИРЕКТОРИ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ИНТЕРНЕШНЕЛ ХОТЕЛС АД Скопје ВО 2021 ГОДИНА**

**Интернешнел Хотелс А.Д. Скопје е компанија која го започна своето работење пред 27 години. Главната дејност на компанијата е менаџирање на Хотели и слични објекти за сместување. Компанијата го раководи најголемиот хотел во Скопје, Хотелот Континентал. Хотелот располага со 203 соби, од кои 6 се луксузни апартмани, сите соби се опремени со централна климатизација, телефонски линии, сеф, интернет пристап и мини барови. Хотелот располага со три ресторани, две летни градини, бар, конференциски сали, фитнес центар и бизнис клуб. Компанијата во 2021 година имаше просечно 30 вработен.**

Резултатот на Интернешнел Хотелс А.Д. Скопје во 2021 година соодветствува на тешката здравствена состојба поради продолжувањето на COVID-19 пандемијата и уште покатастрофалната економската состојба на земјата но и на глобално ниво во 2021 година. Оваа 2021 година беше година на предизвици во туризмот каде што почнувавме да функционираме со новата реалност која беше најтешка за туризмот. Согласно одлуките на Владата како останатите туристички објекти така и ние ги следевме препораките и протоколите кои беа наметнати поради пандемијата. Патувањата во државата за странски но и за домашни туристи се уште беа речиси невозможни поради барањата за влез во земјата со сертификати и Ковид тестови. Секако мораме да го напомениме и драстичното зголемување на енергенсите, а посебно големото зголемување на цената на електричната енергија, која во моментов е клучен енергенс во нашиот Хотел. Согласно предходно наведеното Хотелот немаше можност во целост и слободно да работи и да има можност целосно да ги остварува своите приходи во 2021 година.

Менаџментот макотрпно се трудеше да ги ублажи горенаведените последиците, максимално се трудеше да ги сведе на минимум трошоците, но и да овозможи тековно работење на Хотелот во тие околности, се со цел Хотелот да оствари приходи во овој тежок период но и да не генерира дополнителни и непотребни трошоци.

**-Приходи**

Интернешнел Хотелс А.Д. во 2021 година оствари вкупни приходи од продажба на износ 42.700.245,00 денари истите се зголемени во однос на 2020 година.

- Приходите од ноќевање изнесуваат 22.058.971,00 денари и претставува 51,66% од вкупните приходи.

- Приходите од храна изнесуваат 16.819.818,00 денари и претставуваат 39,39% од вкупните приходи.

- Приходот од пијалок изнесуваат 972.714,00 денари, истите се значително намалени поради ограничувањата за организација на семинари, семејни веселби и останати настани.

- Приходите од останато (изнајмување на сала, озвучување, симултан превод, цветни аранжмани) изнесуваат 1.443.579,00 денари,

- Останати приходи изнесуваат 5.323.987,00 денари, истите се остварени од наплата на штета и одобрена финаскиска подршка за намалување на последиците од COVID -19.

**- Трошоци**

- Вкупните оперативни трошоци за 2021 изнесуваат 41.787.391,00 ден.

- Трошоците за храна се 4.541.645,00 денаи и учествуваат со 26,95% во приходите.

- Трошоците за пијалок учествуваат 36,91% во приходите од пијалок.

- Трошоците за електрична енергија и нафта изнесуваат 9.850426,00 денари, зголемувањето е повеќекратно, а се должи поради зголемувањето на цените на енергенските на светскиот пазар.

- Трошоците за вработените изнесуваат 12.272.999,00 денари.

- Останати расходи од работењето изнесуваат 1.526.620,00 денари.

- Трошоци за амортизација 10.479.142,00 денари

Трошоци и приходи кои независат од работењето, а се финансиско оптеретување за компанијата.

- Трошоци за осигурување 1.556.146,00 денари.

- Трошоци за камати по долгорочен кредит кои изнесуваат 2.638.417,00 денари.

Финансискиот резултат после овие трошоци а пред камата и амортизација изнесува 2.638.421,00 денари

Остварен е негативен финасиски резуртат по пресметана камата и амортизација и изнесува 10.160.471,00 денари.

Со цел да се одржи ликвидноста во работењето направено е реструктуирање на долгорочните кредити во Комерцијална Банка.

Л'Емир Хабиб Зогби

Извршен директор

--------------------------